# Деловна политика и Развоен план на ТТК БАНКА АД Скопје за период 2023 – 2025 година

# Мисија на Банката

- Мисијата како однапред определен патоказ за развој на стратегиите за управување со работењето на Банката ги содржи долгорочните цели и деловната филозофија на Банката.

- ТТК Банка е универзална банка, партнер за малите и средни претпријатија во Македонија, која креира вредности за своите акционери, клиенти и вработени, со помош на претприемачкиот и профитабилниот начин на размислување, оперативната ефикасност и градењето на долгорочно партнерство. Вредностите кои имаат посебно место во секојдневното работење и секојдневно се негуваат се довербата, одговорноста и тимската работа.

# Очекувани макроекономски услови за 2023 – 2025 година

- Глобално окружување
  - Глобалната борба со инфлацијата и продолжениот руско-украински воен конфликт ќе останат главни предизвици за растот на глобалната економија и во наредниот период, слично како и во претходниот. Видливи се јасни знаци за намалување на понудата и инфлацијата, како резултат на затегнувањето на монетарните политики, но конечните резултати не се очекуваат пред 2024 година. Порастот на каматните стапки на централните банки за цел на намалување на инфлацијата, претставува товар на економската активност.
  - Неизвесноста во поглед на идниот глобален раст сѐ уште е изразена, а ризиците околу проекциите и натаму се надолни, но помалку изразени, и се главно поврзани со ескалацијата на војната во Украина, побавното закрепнување на кинеската економија, подолготрајното одржување на високите нивоа на инфлација и евентуално посилното монетарно затегање, зголемената ранливост на високозадолжените земји и можност за појава на должнички кризи, зголемената нестабилност на финансиските пазари, како и засилувањето на геополитичките тензии. Најновите случувања во банкарските сектори во САД и Европа креираат дополнителни ризици по однос на финансиската стабилност и појава на слабости.
  - Од друга страна, како позитивни ризици се наведуваат посилниот раст на побарувачката во однос на очекуваниот, особено за услугите и евентуалното побрзо забавување на инфлацијата во глобални рамки.



Извор: НБРСМ (Најнови макроекономски показатели – март 2023 година).

# Очекувани макроекономски услови за 2023 – 2025 година (2)

- Макроекономско окружување
  - Глобалните шокови и ефектите од неколкуте последователни кризни ситуации, почнувајќи од пандемијата на Ковид - 19, воениот конфликт во Украина, како и порастот на цените на енергенсите и храната, доведоа до забавување на растот на домашната економија. Последните неповолни случувања во банкарските сектори во САД и Европа и нивното можно прелевање, претставуваат ризик врз финансиската стабилност.
  - НБРСМ во своите последни проекции очекува поголем раст на домашната економија во следниот период; 2,6% пораст на БДП во 2023 година, 3,6% во 2024 година, како и 4,0% 2025 година.
  - Инфлацијата се очекува да изнесува 8-9% во 2023 година, по што би се намалила до 2,4% и 2,0% во 2024 и 2025 година соодветно.



Извор: НБРСМ (Најнови макроекономски показатели – март 2023 година).

# Очекувани макроекономски услови за 2023 – 2025 година (3)

- Банкарски сектор
  - Годишната стапка на раст на вкупните кредити во февруари 2023 година забележаа годишен раст од 7,7% и истиот е понизок од проектираниот раст за првиот квартал од 2023 година (планиран раст од 8,5%), според октомвриската проекција. Годишниот раст на кредитите на крајот на 2023 година се предвидува да изнесува 7,1%, додека пак, на среден рок се предвидени годишни стапки на раст од 7,4% и 7,5% за 2024 и 2025 година, соодветно.
  - Годишната стапка на раст на вкупните депозити во февруари 2023 година се зголемија за 5,9% на годишна основа што претставува надминување на проектираниот годишен раст за првиот квартал (планиран раст од 4,5%), според октомвриската проекција. Годишниот раст на депозитите на крајот на 2023 година се очекува да изнесува 6,5% додека пак, на среден рок се очекува забрзување на растот од 8,0% во 2024 година и 8,6% во 2025 година.



Извор: НБРСМ (Најнови макроекономски показатели – март 2023 година).

# Стратегиски цели на ТТК Банка АД Скопје за 2023 година

- Одржување на позицијата во банкарскиот сектор во РСМ преку:
  - одржување на пазарното учество во клучните сегменти;
  - континуиран умерен раст на вкупната актива;
  - одржување на финансиската и капиталната стабилност соодветно на развојните цели за раст, кое подразбира оптимален капитал, оптимални извори на финансирање, оптимална ризично пондерираната актива како и оптимална ликвидност и сигурност.
- Остварување на профитабилно работење преку:
  - развој на флексибилни деловни практики кои овозможуваат одржливост во пазарната конкуренција;
  - претпазливо преземање прифатливи ризици;
  - оптимизација на ресурсите и трошоците со континуирано јакнење на ефикасноста, економичноста и продуктивноста во работењето.
- Континуирано и навремено усогласување на своето работење со:
  - законската регулатива и мерките на монетарната власт;
  - супервизорските стандарди и основните начела и принципи на корпоративно управување;
  - целосно практикување на основните банкарски принципи, користејќи примери од најдобри банкарски пракси.

# Основни приоритетни цели на Банката за 2023 година

- Одржување на стабилен поврат на капиталот и раст на добивката по вработен;
- Одржување на солвентноста и обезбедување адекватно ниво на капитал спрема ризиците на кои е изложена Банката во рамки на екстерно и интерно пропишаните лимити;
- Одржување на стабилна ликвидносна позиција и структурна ликвидносна усогласеност, во рамки на пропишаните регулаторни и интерни лимити;
- Зајакнување на кредитно депозитните активности со цел одржување и зајакнување на пазарното учество во банкарскиот сектор на Република Северна Македонија, со истовремено зајакнување на активностите и во другите клучни сегменти;
- Одржување на квалитетот на кредитното портфолио и намалување на учеството на нефункционалните кредити во вкупното кредитно портфолио на Банката;
- Зголемување на уделот на работа со населението во вкупните активности на Банката и задржување на фокусот за работа со МСП;
- Фокус на развој и обезбедување на широка понуда на производи и услуги на малите и средни претпријатија („МСП“) и населението и подршка на развој на услуги од областа на електронско и самоуслужно банкарство;
- Воведување нови или модифицирани банкарски производи и услуги согласно барањата на клиентите;

# Основни приоритетни цели на Банката за 2023 година (2)

- Продолжување со ефикасна политика за оптимизација на трошоците и ризиците;
- Дигитализација и развој на информатичката технологија во сите сегменти од работењето;
- Зголемување на користењето на електронските (продажни канали) сервиси на Банката од страна на правните и физичките лица во Република Северна Македонија;
- Континуирано усовршување на организацијата на работење на Банката и управување со човечките ресурси на начин што ќе обезбеди повисок квалитет на услуги;
- Управување со човечките ресурси во Банката во правец на обезбедување континуиран развој и раст на знаењата на вработените, зајакнување на стручноста и на способностите во управувањето со процесите, како и во контролите и следењето на остварување на резултатите и на поставените цели;
- Одржување на својот изграден имиџ на општествено одговорна компанија;
- Унапредување на доброто корпоративно управување во Банката и на практиките за одржлив развој поврзани со заштита на животната средина и вклученост на заедницата и др;
- Преземање активности за навремено и ефикасно усогласување на работните процеси со новиот Закон за платежни услуги и платни системи;
- Континуирано усогласување на работењето со законската регулатива и супервизорските стандарди на работење.

# Финансиски цели на ТТК Банка за 2023 година

Деловната политика и Развојниот план се засновани на претпоставките на макроекономскиот амбиент за период од 2023-2025 година, очекуваните движења во реалниот сектор во Република Северна Македонија, проекциите за растот на кредитите и депозитите во банкарскиот сектор во Република Северна Македонија и расположливите капацитети на Банката за остварување на планираните цели. Високото ниво на неизвесност во домашната економија и на меѓународен план упатуваат на потребата од поконзервативен пристап во обликувањето на очекувањата за наредниот период, при што се земени предвид очекувањата на Министерството за финансии, Народната банка на Република С. Македонија, ММФ и Светската банка.

Ризиците за целокупниот макроекономски контекст се изразени и се поврзани претежно со надворешното окружување, а главниот ризик претставува неизвесноста поврзана со текот и времетраењето на воениот конфликт помеѓу Русија и Украина како и најновите неповолни случувања со банкарскиот сектор во САД и можноста за прелевање на финансискиот стрес врз европските банки, со што оценката за глобалниот и домашиот раст е неповолна и упатува на забавен раст во 2023 година и постепено стабилизирање и пораст во наредиот период 2024-2025 година, што ќе има соодветно влијание и врз кредитните и депозитните активности на банкарскиот сектор, а воедно и на активностите во ТТК Банка.

При изработката на деловната политика и финансиските проекции земено е предвид прифатливото ниво на ризик кое е утврдено со Стратегијата за управување со ризиците на Банката.

# Финансиски цели на ТТК Банка за 2023 година (2)

- Обезбедување задоволително ниво на добивка од редовни активности кое ќе обезбеди остварување на планираната профитабилност
  - Стратешката цел на Банката е да оствари стабилна стапка на поврат на капиталот и задоволителен принос за акционерите. Банката преку севкупното работење, спроведување на деловната политика, преку правилно вложување на изворите, ефикасно користење на средствата за работа со кои располага и преку трошковната рационализација, ќе настојува да оствари задоволителен принос на капитал на акционерите и принос на пласман на средства. Банката планира да продолжи со спроведување на конзервативна политика на управување со ризиците и одржување на висока рационалност во трошоците, се со цел обезбедување на раст на нето добивката од редовни тековни активности;

- Одржување на оптимална структурна ликвидност
  - Банката ќе биде насочена кон одржување на оптимална ликвидносна позиција и структурна ликвидносна усогласеност која е во согласност со насоките на Народна Банка и интерните акти на Банката;

# Финансиски цели на ТТК Банка за 2023 година (3)

- Одржување задоволително ниво на адекватност на капиталот
  - Во насока на одржување на долгорочна стабилност и подготвеност за апсорпција на ризиците со кои ќе се соочува во своето работење, Банката во 2023 година ќе го одржи нивото на капитална адекватност над минимално законски пропишаната стапка за Банката;

- Континуирано подобрување на трошковната ефикасност
  - Стратешката цел на Банката е преку ефикасно и рационално користење на оперативните ресурси, да обезбеди континуирано подобрување на трошковната ефикасност која ќе придонесе кон создавање на вишок на вредност. За таа цел се планира разционализација на тековните оперативни трошоци и ценовни заштеди;



ТТК БАНКА

# Среднорочна стратегија на Банката за период од 2023 – 2025 година

- Среднорочната стратегија на Банката подразбира **одржување и зајакнување на позицијата** во банкарскиот сектор на РСМ преку континуиран годишен раст на вкупната актива во наредниот среднорочен период; **одржување и зајакнување на пазарното учество** со одржување или зголемување на учеството на Банката во банкарскиот сектор во клучните сегменти; **зајакнување на финансиската и капитална стабилност** соодветно на развојните цели за раст, кое подразбира оптимален капитал, оптимални извори на финансирање, оптимална ризично пондерираната актива како и оптимална ликвидност и сигурност; **континуирано и навремено усогласување** на своето работење со законската регулатива и мерките на монетарната власт, со супервизорските стандарди и основните начела и принципи на доброто корпоративно управување, како и со целосно практикување на основните банкарски принципи користејќи примери од најдобри банкарски пракси; **остварување на профитабилно работење** кое ќе се реализира со развој на флексибилни деловни практики кои овозможуваат одржливост во пазарната конкуренција, со превземање на прифатливи ризици, со оптимизиација на ресурсите и трошоците, како и со контунирано јакнење на ефикасноста, економичноста и продуктивноста во работењето.
- Среднорочната стратегија на Банката поставена во рамките на соодветно формулирана рамка на управување со ризиците, капиталот и ликвидноста ќе продолжи да зазема позитивен моментум во текот на наредниот среднорочен период. Банката и понатаму ќе се стреми да понуди единствено банкарско искуство за клиентите и ќе има за цел да постигне одржлив и профитабилен развој. Корпоративната одржливост на банката претставува можност да се постигнат очекувањата на сите акционери и да се исполнат обврските и во иднина. За таа цел, Банката и понатаму постојано ќе одржува рамнотежа помеѓу здравата профитабилност и исполнувањето на потребите на клиентите, преку поддршка на нивните деловни потреби, станувајќи партнер од доверба и во исто време покажувајќи свесност за општеството со поттикнување на одговорно однесување.

# Среднорочна стратегија на Банката за период од 2023 – 2025 година (2)

- Во време на забрзани промени на глобалната сцена, како резултат на процесите на глобализација, дигитализација, иновација, климатските промени, економска и енергетска криза и геополитички тензии, активностите и целите на ТТК банка постојано еволуираат. Во таа смисла, ТТК банка треба да се приспособува и во остварувањето на своите цели треба да ги земе предвид и промените во општеството, домашната економија и трендовите во глобалната економија. Во моментов, промените во надворешното и домашното окружување се одвиваат побрзо отколку порано, што наметнува потреба за нивно навремено препознавање и соодветно приспособување во работењето.
- Во среднорочната стратегија се вградени традиционалните цели поврзани со одржување на оптимална структурна ликвидност, одржување задоволително ниво на адекватност на капиталот, континуирано подобрување на трошковната ефикасност, обезбедување задоволително ниво на добивка од редовни активности кое ќе обезбеди остварување на планираната профитабилност, но со ставање акцент на предизвиците и на новите трендови коишто ќе бидат присутни во овие сфери во следните три години.

# Среднорочна стратегија на Банката за период од 2023 – 2025 година (3)

- Клучните финансиски индикатори кои Банката со своето работење ќе се стреми да ги оствари во периодот кој следи се:

  – Планирана профитабилност: стапка на поврат на капиталот (ROE) да достигне до 10,7% до 2025 година;
  – Пораст на кредитите на комитенти до ниво што ќе обезбеди нивно учество во вкупните средства на Банката над 58%;
  – Во насока на одржување на долгорочна стабилност и подготвеност за апсорпција на ризиците со кои ќе се соочува во своето работење, Банката ќе го одржи нивото на капитална адекватност над минимално законски пропишаната стапка за Банката. Континуирано во наредниот среднорочен период Банката ќе продолжи активно да управува со ризично пондерираната актива, да врши стрес-тестирање на капиталната моќ и потребата од дополнителен капитал, се со цел одржување на оптимална стапка на адекватност на капитал;
  – Пораст на коефициентот за покриеност на кредитите со депозити (Loan to deposit ratio) од 69,3% во 2024 до 70,9% во 2025 година.

# План за Биланс на состојба 2023 – 2025 година

| во илјади денари | План за 2023 - 2025 дек.23 | дек.24 | дек.25 | Планиран просечен раст 2023 - 2025 |
|---|---|---|---|---|
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ | 2.130.977 | 2.172.729 | 2.206.333 | 0,3% |
| ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И СРЕДСТВА ЗА ТРГУВАЊЕ | 1.606.927 | 1.656.963 | 1.726.921 | 10,3% |
| НЕТО КРЕДИТИ НА КЛИЕНТИ | 4.907.816 | 5.119.387 | 5.411.053 | 4,0% |
| ОСНОВНИ СРЕДСТВА | 210.195 | 205.249 | 203.634 | -1,9% |
| ОСТАНАТА АКТИВА | 235.518 | 236.397 | 235.776 | -0,6% |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **9.091.434** | **9.390.724** | **9.783.717** | **3,8%** |
| ДЕПОЗИТИ ВКУПНО | 7.337.800 | 7.631.394 | 7.941.901 | 3,6% |
| ОБВРСКИ ЗА КРЕДИТИ | 207.606 | 258.718 | 274.830 | 13,6% |
| СУБОРДИНИРАНИ ОБВРСКИ | 249.163 | 155.275 | 155.398 | -6,1% |
| ОСТАНАТИ ОБВРСКИ | 87.135 | 89.977 | 93.332 | -2,0% |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **7.881.704** | **8.135.364** | **8.465.461** | **3,6%** |
| **КАПИТАЛ** | **1.209.730** | **1.255.360** | **1.318.257** | **5,7%** |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **9.091.434** | **9.390.724** | **9.783.717** | **3,8%** |

# План за Биланс на успех
# 2023 – 2025 година

| во илјади денари | План за 2023 - 2025<br>дек.23 | дек.24 | дек.25 | Планиран просечен раст 2023 - 2025 |
|---|---|---|---|---|
| **НЕТО ПРИХОДИ ОД КАМАТИ** | 287.605 | 299.402 | 317.583 | 8,4% |
| **ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ** | 260.399 | 251.712 | 271.259 | 3,0% |
| **ВКУПНИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ** | **548.004** | **551.113** | **588.842** | **5,8%** |
| **ВКУПНИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | **-376.312** | **-386.525** | **-397.525** | **4,4%** |
| **НЕТО ОПЕРАТИВЕН ПРИХОД** | **171.692** | **164.589** | **191.317** | **9,0%** |
| **ИСПРАВКА НА ВРЕДНОСТ НА ФИНАНСИСКИ И НЕФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА, НЕТО** | -63.292 | -48.888 | -52.052 | -13,4% |
| **ДАНОК ОД ДОБИВКА** | -10.840 | -11.570 | -13.927 | 27,4% |
| **ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | **97.560** | **104.131** | **125.339** | **27,2%** |